# ФИФ (FIF) – Регионална Програма за поддршка на конкурентноста на малите и средни претпријатија (CSP) – ПроКредит 2

**Земја:** СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Број на проект:** 52526
**Деловен сектор:** Финансиски институции
**Вид на инвестиција:** Приватен сектор
**Еколошка категорија:** Финансиски институции
**Датум на одобрување:** 08 декември 2020
**Статус:** Одобрен
**Објава на Резиме на проектот:** 09 декември 2020

*Согласно параграф 2.6 Секција 3 од документот Пристап до политики за информирање, објавата на овој документ за Резиме на проектот е согласно параграф 1.4.4 од Директивата за пристап до информации*

## Опис на проектот:

Обезбедување на долгорочен необезбеден кредит на Прокредит Банка Македонија (ПКБМ), шестата најголема банка во Северна Македонијаво износ до €2,5 милиони под Регионалната Програма за поддршка на конкурентноста на малите и средни претпријатија (Regional SME Competitiveness Support Programme - CSP).
Проектот ќе ги поддржи инвестициите во МСП за надградба на производните капацитети и ќе биде во согласност со ЕУ Директивите во однос на заштита на човековата околина, безбедност на работниците, квалитет на производство и безбедност.

## Цели на проектот:

Поддршка на инвестициите кај малите и средни претпријатија (МСП) за надградба на производството и усогласеност со различните Директиви на ЕУ во области на еколошка заштита, безбедност на работниците и квалитет и безбедност на производите. Инвестициите ќе бидат селектирани врз основа на критериумите за техничката и финансиската усогласеност наведени во Изјавата за политиките. Поддршката на МСП е креирана како комбинација на пристап до финансии со Техничка помош (ТП) и помош без ТП. Најмалку 60% од искористеноста ќе биде поврзана со инвестиции во Транзиција кон зелена економија (Green Economy Transition - GET).

## Влијание врз транзицијата

ETI ранг: 60

Проектот придонесува кон целите на Регионална Програма за поддршка на конкурентноста на малите и средни претпријатија, поддржувајќи ја конкурентноста и одржливите квалитети на влијанијата врз транзицијата.

**Конкурентност:** Проектот ќе придонесе кон: (i) поддршка на МСП во пристап до финансирање, кон инвестиции во стандарди на ЕУ, и (ii) помош на МСП во пристап кон советодавни услуги, вовед во да-се-знае-како помош, имплементирање на стандардите на ЕУ и стекнување на конкурентност.

**Флексибилност:** Под-позајмувачите се очекува да бидат финансиски способни, што ќе биде наведено во очекуваната наведена силна експертиза и соодветен квалитет на потфолио на ПФИ.

## Информации за клиентот

ПРОКРЕДИТ БАНКА АД

Основана во 2003 година, Прокредит Банка Македонија (,,компанијата“ или ,,ПКБМ“) е шестата најголема банка на македонскиот пазар со ЕУР 498 милиони средства и пазарен удел од 5,5% вкупно средства, 7.1% нето кредити и 5.0% депозити за клиенти (2020/2 квартал). Компанијата е со седиште во Скопје и обезбедува услуги на територијата на Северна Македонија преку мала мрежа на експозитури и сервисни центри.

## РЕЗИМЕ НА ФИНАНСИРАЊЕ ОД ЕБОР

ЕУР 2.500.000,00

Долгорочен необезбеден кредит до ЕУР 2,5 милиони под Регионалната Програма за поддршка на конкурентноста на малите и средни претпријатија (Regional SME Competitiveness Support Programme - CSP). Рочност: до 7 години (2 години грејс период и 5 години отплата на главницата), давачка однапред: 1.0%, корпоративно финансирање: 0,5%, маргина 1,9% над шест месеци EURIBOR.

## Вкупна вредност на Проектот

ЕУР 2.500.000,00

## Додадена вредност

Извори на додадена вредност: ЕБОР нуди финансирање кое не е достапно на пазарот од други комецијални извори, по разумни рокови и услови, на пример со подолг грејс период од просечниот достапен на пазарот, ограничено финансирање на странска валута, итн. Ваквото финансирање е неопходно за структуирање на проектот.

## Еколошко и социјално резиме

Категоризирано ФИ (ESP 2019). ПКБМ е постоечки клиент и досега има доставено задоволителни Еколошки и социјални извештаи до Банката. Ќе се бара да продолжи е усогласена со ПБ 2, 4 и 9 со Еколошките и социјалните менаџмент процедури на ризик за кредитирање на корпоративни на ЕБРД, МСП и микро заеми, вклучувајќи придржување на проширениот список и референтна листа на ЕБОР ЕиС, и Референтната листа воведена со ЕСП 2019, и да достави годишен еколошки и социјални извештаи до Банката. Под-позајмувачите финансирани преку кредитот на ПКБМ ќе треба да се усогласени со националните еколошки, здравствени, безбедносни и трудови (EHSL) барања и да ги применуваат критериумите за квалификување на ЕБОР инвестиции во обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност.

## Техничка соработка и финансирање со грант

***ТС***: ТС ќе вклучи поддршка за Програмата за консултанти (ПК), која ќе помогне во имлементација, маркетинг и мониторинг на Програмата и одделна верификација на техничката имплементација на инвестициите од под-позајмувачите, пред реализирање на првичната отплата.

***Немање-ТС:*** ЕУР 375,000 за инвестициско поттикнување на под-позајмувачите за имплементација на одржливи инвестиции согласно Изјавата за политики на Програмата за поддршка на конкурентност за Западен Балкан.

Информациите за ТС и средствата за немањто на ТС се обезбедени од Европската Унија.

*Овој проект е одобрен во контекст на одговорот на Банката за справување со пандемијата КОВИД-19. Со цел да се избегне доцнење на реализацијата на овој проект, Претседателот на Банката додели отстапување од вообичаените временски рамки на објава на Документот за проектното резиме, а согласно Секција 5 од Директивите за пристап до информации. Деталите за одговорот на Банката во справување со КОВИД-19, и оваа отстапка, можат да се најдат на веб страната на Банката.*

## Контакт информација за компанијата

Тања Костоска
tanja.kostoska@procredit-group.com
+389 02 3219 574
www.pcb.mk
Улица ,,МАНАПО“ број 7, 1000 Скопје, Северна Македонија

# Последно ажурирање на ДРП

9 декември 2020

# Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се провери тука.

# Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) јавете сé на

Тел.:+44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проекти на Банката со државата, проверете на Набавки на ЕБОР:
Тел.: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За прашања околу проектите можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

# Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на ,,еколошки стабилен и одржлив развој”. ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават

информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

# Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови, проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во проверување на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи одговор. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк Пристап до политики за информирање , за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се доставаат преку Формуларот за прашања за ЕБОР .

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизм на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП на ЕБОР, независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала Еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање , и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено превенирајќи идни неусогласување со Банката.

Ве молиме посетете ја веб страната за Механизми за проекти кои можеме да ги финансираме, за да дознаете како да доставите поплака преку доверливиот образец достапен онлајн, директно преку електронска адреса, онлајн електронска адреса или телефон. НМПП Ви стои на располагање за да разговара за Вашата загриженост околу оваа проблематика и да одговори на било кое прашање околу доставување или справување со поплаките, а е согласно Политиката за финансирање на проект и Упатствата. Идентитетот на доставувачите на поплаката може да се чува како доверлив, доколку истото е побарано од подносителот на поплаката.